РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1861/2
27-04-2022
________г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) 66 - та седница, одржана на ден 21.04.2022 година донесе

**Одлука**

Пријавата со број 12 - 1861/1 од 11.05.2021 година , со наводи за незаконито работење на приватно правно лице **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за ннадлежно постапување во предметот поради тоа што за предметниот случај ДКСК веќе има постапено и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12 - 1861/1 од 11.05.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, -----------------------------------------------, вработени лица и акционери во фирмата -------------------- ---------, на ден 11.05.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12-1861/1 од 11.05.2021 година, по која е оформен предмет во ДКСК, со наводи за незаконито работење на наведеното правно лице при откуп на акции од вработените. Во доставената пријава се наведува дека подносителите веќе по трет пат се обраќаат до ДКСК со истата пријава.

При надлежното постапување на ДКСК констатирано е дека во ДКСК веќе бил оформен предмет број 12-1823 од 2020 година, по пријава доставена од истите подносители и со истите предметни наводи, заведен во архивата под број бр. 12-1823/1 од 24.04.2020 година и кон неа доставено дополнување број 12-649/1 од 10.02.2021 година, а по кој предмет Државната комисија веќе има постапено и на својата 51-ва седница одржана на ден 31.08.2021 година има донесено одлука од своја надлежност. Со донесената одлука, број 12-649/2 од 20.09.2021 година ДКСК одлучила дека доставената пријава се оттфрла од причина што ДКСК нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што по извршената анализа на изнесените наводи, од страна на ДКСК е констатирано дека носителот на посочените незаконски активности не е повеќе активен субјект во Република Северна Македонија и пријавеното физичко лице било одамна починато.

Со оглед на констатираното, ДКСК утврди дека по однос на предметните наводи веќе има постапено и има донесено соодветна одлука, по што оцени дека нема елементи за свое надлежно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Доставено до : подносителот на пријавата
Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : С.П.Д ,член на ДКСК